
ISSN 2812-765X
ГОДИШЊАК
ИНСТИТУТА ЗА ДЕЧЈУ КЊИЖЕВНОСТ
ГОДИНА 3 • БРОЈ 3
БЕОГРАД, 2023
ГОДИШЊАК ИНСТИТУТА ЗА ДЕЧЈУ КЊИЖЕВНОСТ
БРОЈ
3

ГОДИШЊАК
ИНСТИТУТА ЗА ДЕЧЈУ КЊИЖЕВНОСТ

ИНСТИТУТ
ЗА ДЕЧЈУ КЊИЖЕВНОСТ

*Издавач*
Институт за дечју књижевност
Краља Милана 4, Београд
E-mail: institutdk@yahoo.com
www.lukabooks.com

*За издавача*
Др Милутин Ђуричковић

*Главни и одговорни уредник*
Проф. др Миомир Милинковић

*Оперативни уредник*
Проф. др Предраг Јашовић

*Уређивачки одбор*
Проф. др Миливоје Млађеновић, проф. др Срето Танасић, проф. др Мирјана Стакић, проф. др Драгољуб Перић, др Јелена Вељовић Мекић, др Слађана Миленковић, др Даница Столић, др Тамара Грујић, др Душица Потић

*Инострани чланови Уређивачког одбора*
Проф. др Јованка Денкова (Северна Македонија), проф. др Марина Габелица (Хрватска), проф. др Вилдана Печенковић (БиХ), проф. др Андријана Николић (Црна Гора), академик Иван Чарота (Белорусија), проф. др Анђелика Хобжила (Румунија), проф. др Тјурина Људмила Георгиевна (Русија)

Часопис излази једанпут годишње

*Лектура и коректура*
Ана Ковачевић

*Технички уредник*
Радислав Јовић

*Штампа*
„Гораграф“, Београд

ISSN 2812-765X
COBISS.SR-ID 54580489

Институт за дечју књижевност
Београд

# ГОДИШЊАК
## ИНСТИТУТА ЗА ДЕЧЈУ КЊИЖЕВНОСТ

Година III
Бр. 3

Београд
2023

*Рецензенти*

Проф. др Томислав Јовановић
Филолошки факултет, Београд

Проф. др Валентина Хамовић
Учитељски факултет, Београд

Проф. др Мирјана Стакић,
Педагошки факултет, Ужице

Проф. др Јела Марићевић Балаћ
Филозофски факултет, Нови Сад

Проф. др Катарина Ивон
Универзитет у Задру (Хрватска)

Проф. др Мирзана Пашић Кодрић
Филозофски факултет, Сарајево (БиХ)

Др Валентина Златановић Марковић
Универзитет Митрополитан, Београд

Др Марија Јефтимијевић Михајловић
Институт за српску културу, Приштина - Лепосавић

Др Оља Василева
Центар за проучавање језика и књижевности
Филолошко-уметнички факултет, Крагујевац

Др Ружица Јовановић
Академија струковних студија, Шабац

Др Јелена Вељовић Мекић
Академија техничко-васпитачких струковних студија, Пирот

Др Саша Чорболоковић
Универзитет Сингидунум, Београд

САДРЖАЈ

УВОДНА РЕЧ....................................................................................................................9

1.
Ксенија В. Миловановић
МОТИВ СПАСЕНЕ ДЕЦЕ У *ЧУДИМА ПРЕСВЕТЕ БОГОРОДИЦЕ*
АГАПИЈА ЛАНДОСА КРИЋАНИНА ..........................................................................13

Душица М. Потић
ИГРА У КЊИЖЕВНОСТИ ЗА ДЕЦУ ........................................................................29

Марија Г. Мрвељ
УПОРЕДНА АНАЛИЗА БАЈКЕ *ПЕПЕЉУГА* ШАРЛА ПЕРОА
И БРАЋЕ ГРИМ И ДИЗНИЈЕВОГ ЦРТАНОГ ФИЛМА *ПЕПЕЉУГА* ..............44

Николина Н. Зобеница
ВРШЊАЦИ У АДОЛЕСЦЕНТСКОМ РОМАНУ
*БРАЋА ПО КРВИ* ЕРНСТА ХАФНЕРА.....................................................................59

Миомир З. Милинковић
СОЦИЈАЛНЕ И ПОРОДИЧНЕ ТЕМЕ
У ПОЕЗИЈИ МИЛОВАНА ДАНОЈЛИЋА..................................................................73

Даница В. Столић
ТЕМАТИЗАЦИЈА ВРШЊАЧКОГ НАСИЉА У АНДРИЋЕВОЈ ПРИПОВЕЦИ
*ДЕЦА* И У РОМАНУ *АГИ И ЕМА* ИГОРА КОЛАРОВА ..................................80

Душан Ж. Петровић
ТРАНСМЕДИЈАЛНА ЧИТАЊА РОМАНА
*АГИ И ЕМА* ИГОРА КОЛАРОВА.............................................................................95

Јелена З. Милић
БЕОГРАД УОКВИРЕН *ОЧАРАНИМ НАОЧАРИМА*
СВЕТЛАНЕ ВЕЛМАР-ЈАНКОВИЋ ..........................................................................106

Ана М. Мумовић
МИТ И ЛЕГЕНДА СВЕТЛАНЕ ВЕЛМАР-ЈАНКОВИЋ ......................................121

Maja S. Verdonik, Monika Z. Štiglić Granić
DJETINJSTVO U AUTOBIOGRAFSKOJ PROZI
SUVREMENIH HRVATSKIH DJEČJIH KNJIŽEVNICA ..........................................134

Dragica F. Haramija
ANIMALISTIKA V SLOVENSKI KNJIŽEVNOSTI ZA OTROKE...........................147

Iva M. Simurdić
THE SHADOW ARCHETYPE IN THE NOVELS OF MICHAEL ENDE...............162

Tamara N. Janevska, Marija N. Janevska
THE GINGERBREAD WITCH: ACOUSTIC AND COGNITIVE
LINGUISTIC ANALYSIS OF THE PERSONA.........................................................177

Јованка Д. Денкова
ВОЗБУДЛИВО ИЛИ ОПАСНО ПАТУВАЊЕ
НИЗ ЛАВИРИНТОТ НА ЖИВОТОТ ....................................................................189

Јованка Б. Дракулић
МОТИВ ПРИЈАТЕЉСТВА У РОМАНИМА *ХАЈДУЦИ,*
*ОРЛОВИ РАНО ЛЕТЕ* И *ДРУЖБА ПЕРЕ КВРЖИЦЕ* .....................................199

Милица М. Алексић
СВЕ БОЈЕ СВЕТА У *ПЛАВОМ ЧУПЕРКУ* МИРОСЛАВА АНТИЋА ..............218

Вера М. Јеловац
*СЛУЧАЈ БАБАРОГА* КАО САВРЕМЕНА ПРИЧА О НАДЛАГИВАЊУ..........224

Татјана В. Милановић
ЛЕКСИЧКЕ И СТИЛСКЕ КАРАКТЕРИСТИКЕ АУТОРСКИХ БАЈКИ
СТЕВАНА РАИЧКОВИЋА И ДЕСАНКЕ МАКСИМОВИЋ...............................231

Гордана Д. Малетић
СКИЦА ЗА ПОРТРЕТ БРАНКА СТЕВАНОВИЋА .............................................239

2.
Ружица Д. Јовановић, Сања Р. Ђоковић
МОГУЋНОСТИ МОДИФИКОВАЊА РОМАНА ЗА ДЕЦУ
У ПРОЈЕКТНОМ ПРИСТУПУ НАСТАВИ.......................................................247

Миле Н. Пенков
БИБЛИОТЕКА ОСНОВНЕ ШКОЛЕ У ФУНКЦИЈИ ИЗГРАЂИВАЊА ЉУБАВИ
ПРЕМА КЊИЗИ И НЕГОВАЊА ЧИТАЛАЧКЕ КУЛТУРЕ УЧЕНИКА ..........260

Предраг М. Јашовић
МЕТОДИЧКА ОБРАДА БАСНЕ *ДВА ЈАРЦА* И ЛИРСКЕ ПЕСМЕ
ДУШКА ТРИФУНОВИЋА *ДВА ЈАРЦА* ..............................................................267

Татјана П. Ђурић
УЛОГА КЊИЖЕВНОГ ЈУНАКА У КЊИЖЕВНОСТИ ЗА ДЕЦУ
У РАЗВИЈАЊУ ЉУБАВИ ПРЕМА КЊИЗИ И ЧИТАЊУ .................................273

Милица Р. Петрић
КЊИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦУ ИЗ УГЛА
НАСТАВНИКА РАЗРЕДНЕ НАСТАВЕ.................................................................282

Јованка Д. Денкова[97]
Филолошки факултет
Штип (Северна Македонија)

УДК 821.163.3.09-31 Ацевска В.
Прегледни рад

# ВОЗБУДЛИВО ИЛИ ОПАСНО ПАТУВАЊЕ НИЗ ЛАВИРИНТОТ НА ЖИВОТОТ

*Апстракт:* Во оваа статија се прави осврт кон адолесцентската литература, преку разгледување на еден роман за адолесценти од македонската авторка Весна Ацевска, романот „Лавиринт“. Овој роман е интересен според својата композиција, затоа што се заснова на епистоларниот жанр, преку кој младите адолесценти ги откриваат скриените и заплеткани патеки на животот, како во вистински лавиринт, но и како упорно го бараат излезот од него, на најдобриот можен начин.
*Клучни зборови:* адолесценција, роман за млади, Весна Ацевска.

Композициски, романот „Лавиринт“ од Весна Ацевска[98] содржи два дела, од кои првиот е насловен како „Настани“, а вториот како „Писма“.

Јованка Д. ДЕНКОВА

ВОЗБУДЛИВО ИЛИ ОПАСНО ПАТУВАЊЕ НИЗ ЛАВИРИНТОТ НА ЖИВОТОТ

Апстракт: Во оваа статија се прави осврт кон адолесцентската литература, преку разгледување на еден роман за адолесценти од македонската авторка Весна Ацевска, романот „Лавиринт“. Овој роман е интересен според својата композиција, затоа што се заснова на епистоларниот жанр, преку кој младите адолесценти ги откриваат скриените и заплеткани патеки на животот, како во вистински лавиринт, но и како упорно го бараат излезот од него, на најдобриот можен начин.
Клучни зборови: адолесценција, роман за млади, Весна Ацевска

Композициски, романот „Лавиринт“ од Весна Ацевска[1] содржи два дела, од кои првиот е насловен како „Настани“, а вториот како „Писма“. Првиот дел - „Настаните“ се

[1] Весна Ацевска е поет, раскажувач и преведувач. Родена е на 10 ноември 1952 година во Скопје. Завршила Филолошки факултет во Скопје. Работела во весникот „Република“, а од 1992 година работи во Институтот за национална историја во Скопје. Член е на Друштвото на писателите на Македонија од 1991 година и на меѓународното друштво „Калеваласеура“ од Финска. Го препеала финскиот спев Калевала и за него ја добила наградата за препев „Григор Прличев“ за 2000 година, а во посебна книга се објавени препеви од персискиот еп „Шахнаме“ на Фирдоуси (2007). Таа пишува поезија и проза, преведува од руски и од јужнословенски јазици. Таа е член е на: Сојузот на писатели на Македонија; Македонскиот ПЕН-центар; Сојузот на литературни преведувачи на Македонија; Интернационалното друштво „Калеваласеура“ од Финска; Меѓународната славјанска литературна и уметничка академија од Варна, Република Бугарија. Има објавено осум поетски збирки и еден поетски избор на македонски јазик, а десет избори од нејзината поезија се публикувани на англиски, албански, бугарски, полски, романски, српски, турски и хрватски јазик. Застапена е во разни антологии на македонската поезија објавени во земјата и во

изградени од девет раскази, а вториот дел „Писмата“ се состои исклучиво од писма меѓу двајца коресподенти – Ана и Наташа. Инаку, насловот на романот е многу индикативен. Познато е дека лавиринтот е сложена градба, непрегледно место со многу испреплетени ходници или улички, во кои е тешко за ориентација и тешко се доаѓа до излезот.

Низ деветте раскази од првиот дел – „Настани“, авторката Ацевска ги расплетува животните приказни за лавиринтот во кој живеат Ана и Наташа и нивните другари и пријатели, за местото во кое живеат, за испреплетените улички од сиромашното маало во кое живее Наташа, за нејзината тешка семејна ситуација.

Романот започнува со разговорот кој се води меѓу мајката-автор и нејзината ќерка, за книгите кои ги имаат прочитано претходно. Додека пијат кафе, се задлабочуваат во разговорот, во кој мајката разоткрива дека решила да напише роман во кој ќе раскажува за нивните ученички денови: „Какви биле професорите, што правеле учениците, нивните лукавства, "авантури" и неприлики. Притоа, често се смеевме, зашто одамна мина времето кога таа тоа требаше да го прикрива од мене или пак, а јас да се правам сериозна, како да сум немала свое детство и своја младост. Дојде време во кое веќе немаше високо недоразбирање меѓу нас, што најчесто за многу родители и деца станува непремостлива планина“ (9)[2]. Посочениот цитат ни го открива блискиот пријателски однос меѓу мајката и ќерката, но понатаму се посочува и каква треба да биде литературата наменета за младите читатели: „Живо, возбудливо и доверливо-да ти се чини дека оној што раскажува ти шепоти на уво. Да се внесеш во она што таму се случува а тајната да ја разоткриеш низ нејзиниот тек. Тогаш се чита лакомо, брзо и лесно, без да се бројат страниците... - Значи книгата треба да биде живописна, интересна, загадочна, читлива, без наравоученија и таква што во неа ќе можат да се препознаат сите (претходни, сегашни и идни) генерации? – ја прашав допивајќи го кафето. – Бездруго – следуваше самоуверен одговор“ (9). Исто така, девојката ги открива и недостатоците на нашиот образовен систем: „Знаеш, најстрашно од сè е на каков начин се читаат книгите на училиште. Заради погрешниот однос, многу професори и најдобрата книга сосем ја уништуваат. Како да не биле млади и небаре светот и книгите постојат само за да се измислуваат разни поуки“ (8).

---

странство. Ги добила наградите за поезија „Браќа Миладиновци“ (2009) и „Ацо Шопов“ (2021). Авторка е на три романи за деца и младина. Ги превела еповите „Калавала“, „Стара еда“, митолошкиот дел од „Шахнаме“ на Фирдуси, „Млада еда. Видението на Гилфи“ од Снори Стурлусон и уште десетина книги, самостојно или во коавторство. За преводот на „Калевала“ и на „Стара еда“ двапати ја добила наградата „Григор Прличев“ (2000; 2009). Носителка е на почесно признание од Финска за преводот на „Калевала“ (2000) на македонски јазик и на признанието „Ана Ахматова“ (2020) за афирмација на руската литература. Има уредено два броја на ревијата на Македонскиот ПЕН-центар и две изданија со народни приказни од Македонија. Член е на редакцијата на списанито „Книжевно житие“ на книгоиздателството „Макавеј“ од Скопје. Носителка е на државната награда „Св. Климент Охридски“ за животно дело во областа на културата и литературата.

Книжевно творештво: Подготовки за претстава (поезија, 1985), Карпа за скок (поезија, 1991), Лавиринт (роман, 1992), Рок видри (роман, 1993), Скалила во зеленото (роман, 1994), Котва за Ное (поезија, 1994), Неред во огледалото (поезија, 1996), Кула во зборот (поезија, 2005), Столисник (поезија, 2008), Мартинки (поетски избор, 2009). Награди: Браќа Миладиновци Архивирано на 16 септември 2016 г. (за Столисник, поезија, 2009) на Струшките вечери на поезијата, 2000 Григор Прличев (награда за препев) на "Калевала", 2009 Григор Прличев (награда за препев) на "Стара Еда", 2012 Ацо Шопов (награда).

[2] Цитатите се од книгата „Лавиринт“ од Весна Ацевска, Детска радост, Скопје, 1992.

Авторката нè воведува во „лавиринтот“ на младите, преку прикажување на настаните од училитето и секојдневието во едно средно училите во Скопје, а на сцената пред читателите се појавуваат учениците од второ еден клас. Нарацијата почнува да тече низ визурата на одличната ученичка Ана, која, како и сите нејзини соученици, па и сите ученици во училиштето, е запрепастена од однесувањето на професорот по математика, неславно наречен – Гаргамел (според истоимениот лик на вештерот, во популарната цртана серија „Штрумфови“), а неговиот изглед и однесување се покажуваат како оправдани за прекарот (името како кондензант на наративната програма): „Тој ги погледна мрачно; висок, сув, со голем нос на кој шетаа очилата, секогаш успеваше да намириса несигурност кај учениците“ (15-16). На часот по математика им приредува лошо изненадување на сите ученици. Им дава задачи од претходните две училишни години, само да им докаже на родителите дека децата не ја знаат материјата по математика. И во овој дел, преку зборовите на Ана и нејзините соученици, кои подоцна се организираат и за ваквиот однос на професорот ќе проговорат и на повисоко ниво, силно се чувствува незадоволството од некои недолични начини на однесување во нашиот образовен систем. Од друга страна, преку ликот на класната раководителка Драгица Јовановска се открива и потенцира каков треба да биде ликот на вистинскиот наставник/професор: „Во почетокот на минатата година, таа настојуваше добро да ги запознае своите ученици, потоа успеа да ги поврзе меѓусебно во групи но и како клас, помагајќи им кога не беа доволно спремни, покажувајќи разбирање за сите нивни младешки интереси. Тие слободно доаѓаа кај неа дома и кога некој од нив имаше потреба, таа знаеше со него, со неговото семејство или со неговите другари да „губи“ време. Никогаш не им „попуваше“, напротив -  за секој нивни проблем најнапред прашуваше и се обидуваше „заеднички“ да го најдат најдобриот начин за да ја прескокнат новата пречка“ (34). Токму благодарение на неа, уште во претходните години, учениците од класот на Ана постигнале големо меѓусебно единство и сплотеност, што ќе им помогне во процесот на учење и совладување на тешкотиите: „За да ги обедини заедно одеа на кино, в театар или со велосипеди во градскиот парк, на пешачење на Водно, а ретко и во кафуле“ (34). Едноставно, таа е професор кој го поддржува својот клас, верува во своите ученици, но и им укажала да почекаат да се види што ќе се случи со другите класови, да се слушне објаснувањето на колегата – професор, па да преземат мерки.

Ана е девојка која иако е одлична, има и други, вонучилишни афинитети во кои ја вовел нејзиниот постар брат, студентот Дејан: „Постоеше уште едно катче кое на Ана ѝ беше еднакво важно како што ѝ беа домот и класот. Навистина во него не доаѓаа нејзините соученици и таа таму нив не ги водеше“ (25). „Малиот принц“ е уметнички клуб во кој се собираат и ученици и студенти и каде се чита поезија, беседи, се дебатира за филозофско-егзистенцијални теми и сл. Токму таму, вечерта кога ја има и својата пристапна беседа во клубот, Ана за првпат ќе го види младиот пијанист Мартин Иванов: „Силно го чуствуваше присуството на младиот виоилинист, дури и тогаш кога се трудеше да не ги сретне неговите очи. За прв пат во неа се открои чудесно чувство а неговата сила ја изненади, речиси болно“ (30).

Во романот ни се разоткрива и интересното пријателство меѓу Ана и Наташа, кое се воспоставува преку писмо кое Наташа ќе го напише за ученикот кој седи во истата клупа, но во другата смена, па затоа и го именува како „сопатник“. И откако Ана ќе возврати на повикот, започнува едно необично пријателство со неизвесен крај. Девојчињата се запознаваат (преку писмата) и почнуваат да споделуваат свои животни искуства, размислувања, дилеми и проблеми, поточно, сето она што е типично за адолесцентскиот период. Според дефиницијата, писмото претставува форма на комуникација со која се изразуваат мисли, чувства, се опишуваат низа настани или

се водат филозофски дискусии. Најважната особина на писмото како книжевен или полукнижевен жанр е неговата дијалошка природа. Без оглед на тоа дали писмото е од лична или деловна природа, дали е формално или неформално, со него скоро секогаш се бара одреден одговор од оној до кого е адресирано.[3] Од сите видови на нефикционална проза никој не е помалку подложен на критичка дефиниција и категоризација како што тоа е случај со писмото. Она што го разликува епистоларниот жанр од останатата реалистично-автобиографска проза, како што се на пример дневниците, е желбата/барањето за размена. Така, во епистоларната размена, читателот на писмото „се повикува“ на одговор и со тоа да придонесе како писател во таквиот вид нарација, што укажува на постоење на некаков вид „епистоларен пакт“ меѓу испраќачот и примачот на писмото.[4]

Адолесценцијата е преоден развоен период помеѓу детството и зрелоста која се карактеризира со повеќе биолошки, психолошки и социјални промени на улогата од која било друга фаза од животот освен детството. Згора на тоа, постојат две точки на транзиција во текот на овој единствен развоен период - транзиција кон рана адолесценција од детството и премин кон зрелост од доцна адолесценција.[5] Согласно со карактерот на адолесцентската литература, Васерман истакнува дека е вообичаено за младите кои се во периодот на адолесценција во конфликтните ситуации да се свртат кон својот внатрешен свет. На патот кон светот на возрасните, тие често чувствуваат сомневање и безнадежност истовремено, испреплетено со чувството на надеж. Затоа, смета Васерман, нивните лични мисли и зборови, како форма на искажување, мошне добро го наоѓаат своето место при конструкцијата на нивниот идентитет во литературата за млади. Една од методите што ја користат писателите на литература за млади за да ги искажат сите теми со кои се соочуваат адолесцентите (физичките промени, нивната сексуалност, односите со родителите и пријателите, филозофскиот начин на размислување за самите нив, за светот и нивното место во него) е епистоларната форма или формата на пишување писма.[6]

Во расказот за Наташа, авторката Ацевска ни разоткрива слика на едно скромно, сиромашно, но напатено семејство; за мајката – вредна фабричка работничка, за ќерката Наташа, воспитана и вредна девојка која сака да чита книги, особено книги поврзани со уметноста, заради што професорот по уметност ѝ доверува сликарски енциклопедии за хуманизмот и ренесансата и за класицизмот. Наташа е грижлива постара сестра – на Кате, која ја чува и ѝ помага на мајка си. Семејството и семејното опкружување е првото во кое детето се раѓа и почнува да учи, да реагира и да дејствува. Сите функции што ги извршува едно семејство се вртат околу вредностите. Секој аспект, вклучувајќи идеи, мисли, навики, особини, претстави на однесување земени од семејството се оние на кои поединецот им дава важност или вредност.[7]

---

[3] Pismo kao književna vrsta, http://www.scribd.com/doc/40240424/Pismo-kao-knji%C5%BEevna-vrsta, прегледано на 01.3.2014
[4] Janet Gurkin Altman, Epistolarity, Appproaches to a Form, Ohio State University Press:Columbus, 1982, p.89
[5] Paula G. Williams, Grayson N. Holmbeck and Rachel Neff Greenley, Adolescent Health Psychology, Journal of Consulting and Clinical Psychology, 2002, Vol. 70, No. 3, 828 – 842, https://www.researchgate.net/profile/Rachel-Greenley/publication/11285988, 16.02.2023
[6] Emily Wasserman, The epistolary in young adult literature, The ALAN REVIEW, The Assembly on Literature for Adolescents of NCTE (ALAN), 30.3, spring 2003, p.48-51, http://scholar.lib.vt.edu/ejournals/ALAN/v30n3/pdf/wasserman.pdf , прегледано на 2.3.2014
[7] Milgram, S., and R. Sharma, Family environment and value of obedience, www.researchgate.net, 16.02.2023

Но, сепак, над нивното семејство лебди темната сенка од алкохолизмот на таткото Симон, неговата навидум немотивирана оддаденост на алкохолот, а не ретко и семејното насилство: „Татко ми ме грабна за коси и почна да ме удира и да вика по мене: Никаквице, сега ли се доаѓа, каде си скитала! Се разжешти толку многу што мислев дека ќе ме претепа“ (92). Изложеноста на младите на насилство во домот се јавува со високи стапки и често се забележува како еден од најчестите и најсериозните несакани настани во детството. Неодамнешните податоци од национално репрезентативен примерок покажуваат дека секоја година семејното насилство се случува во домовите на приближно 30% од младите кои живеат со двајца родители. Доживотната преваленца на изложеност на меѓуродителска агресија веројатно ќе биде значително повисока, особено со вклучувањето на младите чии родители се разделиле или се развеле. Некаде помеѓу 5-10% од децата се директно жртви на тешка физичка злоупотреба секоја година, додека над 50% доживуваат физичко казнување. Многу млади кои доживуваат семејно насилство и физичко малтретирање на деца се „невидливи“ жртви бидејќи изложеноста на насилство не е позната на никој надвор од семејството.[8]

Како што вели и Earls - адолесцентите не растат во вакуум. И нивното здравје и нивниот развој се под влијание на огромен број социјални и еколошки интеракции од непосредниот (на пример, секојдневниот контакт со врсниците, родителите и наставниците) до глобалниот (на пример, промените во озонската обвивка). Значењето на семејството во оваа констелација на влијанија има големо место, бидејќи ги допира животите на повеќето адолесценти на дневна и длабоко лична основа. Сите влијанија на семејното опкружување развиваат навики, вредности, интереси, хоби, мотивации кај детето, што на крајот ги обликува неговите вредности. [9]

Во улицата на Наташа се појавува таинствен туѓинец, кој се интересира за семејството на Наташа, кој од чевларот во маалото, дознава многу поединости и вистини за животот на нивното семејство. Преку неговото раскажување и читателите се запознаваат со реалната слика на животот во семејството на многу адолесценти од дисфункционални семејства: „Болен за чашка. Откако ја направија куќичката и таман малку се потсуредија дома, човекот како да го подрекоа. Толку се запи што се запусти. Личи на сениште и нема да ме зачуди ако слушнам дека го нашле некаде скапан... Пие на вересија и штом ќе земе плата трча да плати. Ќе ја допие платата и пак пие на вересија. Кога ќе направи долг поголем од она што може да плати оди и работи приватно. Но само да се раздолжи а не за в куќи“ (42-43). Ваквата состојба ја прави неподнослива ситуацијата дома и пред читателот израснува ликот на мајката – херој: „Ниту збор за поплака, ниту пари на заем зема. Како живеат - не знам. Таа има мала плата, но од неа прибира и ја тегне како кори за зелник. Дома ѝ е скромно ама подредено. Истите работи ги има, но ќе промени перниче или покривки што самата ги шие, ќе стави завеса, ќе посади цвеќе и старото станува ново“ (42-43). Оваа пожртвувна мајка не ги остава своите деца да ја почувствуваат немаштијата: „На децата не можеш ништо да видиш – облечени во чисто, нови алишта, нови блузички... Купува парчиња од отпад, оној што е две улици подолу. Таму има на кило и волница и штофови. Зема што ѝ треба со парите што ги заработува дополнително зашто шие и плете за други за други, па им плете и шие на девојчињата“ (43)

И на Наташа многу ѝ значи облеката, како и на сите адолесценти, зашто свесна е дека инаку ќе биде подложена на потсмев од  врсниците. И таа самата го согледува

---

[8] Gayla Margolin and Katrina A. Vickerman, Post-traumatic Stress in Children and Adolescents Exposed to Family Violence: I. Overview and Issues, Prof Psychol Res Pr. 2007 Dec 1; 38(6): 613–619. https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC2811337, 16.02.2023

[9] Felton J. Earls, Parents and Families’ influence on Adolescent Health, Adolescent, Health: Background and the Effectiveness of Selected Prevention and Treatment Services, 2, 1991, 33-54

значењето на облеката/модата во животот на адолесцентите: „Нив не ги интересира ништо друго освен да купат нешто ново, да бидат модерни во однесувањето, облеката, излегувањето. Се снаоѓам на тој начин што заедно со мајка ми шиеме за нас дома па така често и кога треба сум во ново; тие мислат дека намерно се правам типка што негува посебен стил со кошули, џемпери и јакни...Се разбира, не им кажувам дека сами шиеме – веднаш би добила минус кај нив“ (70). Можноста да си шијат облека самите, особено уникатна облека, дури предизвикува и завист кај врсниците, но за Наташа тоа влијае во позитивна смисла врз нејзината самодоверба. Од адолесцентите се очекува да се подготват за улогата на возрасни и да воспостават стабилни лични идентитети. Додека адолесцентот се обидува да го изгради овој идентитет, предметите и артефактите кои ветуваат прифаќање од врсниците добиваат значително внимание, особено предметите поврзани со физичките аспекти на личниот изглед во однос на социјализацијата. [10] И истражувањата потврдуваат дека адолесценцијата претставува критичен период во развојот на самодовербата. Самопочитта е фундаментална за развојот на адолесцентите и треба да биде поврзана со поспецифични варијабли за индивидуални разлики. Раните адолесценти се особено чувствителни на мислењата на другите и во голема мера се потпираат на нивните врсници за информации. Популарноста кај врсниците станува важна мерка за самопочит и раните адолесценти се преокупирани со впечатоците кај врсниците. Во истата студија се укажува на тоа и дека истражувањата покажале дека девојчињата се позагрижени за впечатокот што го оставаат со облеката, за разлика од момчињата.[11]

Токму таа загриженост, и воопшто целата семејна ситуација ќе ја принуди Наташа да се срами кога ќе стапи во врска со Огнен и да крие од каде потекнува: „Последниот пат Огнен сакаше да ме испрати до дома. Одвај го разубедив. Се плашам, Ана, ако види каде живеам, ќе се премисли и ќе си замине засекогаш“ (64).

Освен со семејното насилство и алкохолизмот на таткото, Наташа е соочена со уште една мрачна појава – врсничкото насилство, а во овој случај дури и сексуално насилно конотации: „На училиште дојде оној Рамбо... Ете тој ме следел подолго време и вчера, на големиот одмор, ми пријде и ми се закани – ако не појдам со него, ќе нè премлати и мене и Огнен... Не знам како ќе се откачиме од него, тој решил да ни се освети. Ми даде рок до петок: ќе чека во „Пирамида“ (69). Сексуалното вознемирување од врсници во адолесценцијата го дефинираме како „несакано сексуално однесување бидејќи предизвикува вознемиреност и непријатност кај жртвите, што може да го попречи нормалниот живот на учениците во училиштата. Сексуалното вознемирување вклучува различни типови однесувања, како што се прозивки, гласини, сексуални коментари, погледи, гестови, обиди за лични контакти и физички напади.[12] Сексуалното вознемирување од врсници е распространета појава, за која, за жал, сè уште малку се зборува отворено. На пример, според некои студии во САД, 84% од адолесцентите изјавиле дека доживеале сексуално вознемирување во одреден момент од нивниот училишен живот, и тие известуваат дека најголем дел од тоа вознемирување бил извршен од врсници. Друга студија укажува дека сексуалното вознемирување меѓу

---

[10] Catherine M. Daters, Importance of Clothing and Self-Esteem Among Adolescents, Clothing and Textiles Research Journal 8.3 (1990): 45-50. https://www.journals.sagepub.com , 18.02.2023

[11] *Gregory M. Rose, David M. Boush, and Marian Friestad (1998) ,"Self-Esteem, Susceptibility to Interpersonal Influence, and Fashion Attribute Preference in Early Adolescents", in E - European Advances in Consumer Research Volume 3, eds. Basil G. Englis and Anna Olofsson, Provo, UT : Association for Consumer Research, Pages: 197-203.* https://www.acrwebsite.org/volumes/11697/volumes/e03/e-03, *18.02.2023*

[12] **Esther Vega-Gea, Rosario Ortega-Ruiz, Virginia Sánchez,** Peer sexual harassment in adolescence: Dimensions of the sexual harassment survey in boys and girls, International Journal of Clinical and Health Psychology (2016) 16, 47-57, https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S1697260015000800, 18.02.2023

врсниците е многу почесто кога влегуваат во периодот на адолесценцијата и е поврзано со развојот на сексуалноста и мешаната родова социјализација. Сексуалното вознемирување е понижувачко и стресно искуство за жртвите и може да биде проследено и со заплашување од насилниците.[13] Оваа ситуација со насилникот – Миле Рамбо се разрешува на еден можен начин, со физичка пресметка на Огнен со насилникот, по што тој ќе ја остави Наташа на мира. И нејзината семејна ситуација има своја разрешница со влошената здравствена состојба на таткото што ќе доведе и до откривање на причината за неговото често опивање, за тајната која длабоко го притиска и боли.

Авторката Весна Ацевска применила необична раскажувачка постапка во романот „Лавиринт". Откако пред читателот ги „распредува" конците на повеќе животни судбини, ги води и ткае пред наши очи, за да на крај, го остави читателот во вистински лавиринт од емоции: „Време е, мили мои, да запреме во точката од која овој роман може да сврти на лево или десно, да скршне зад аголот или да направи скок за да довтаса до целта. Ќе прашате; зошто! Затоа што заедно се наоѓаме во средиштето на лавиринтот, или на заплетот, ако така сакате, од каде се разгрануваат повеќе патеки... Нашиов лавиринт има многу врати од кои читателот може да излезе, според тоа кој пат ќе го избере: лесен или тежок, прав или заобиколен, во зависност од тоа каков му треба. Исто е во животот: го бараме она што мислиме дека ни треба" (123).

Романот има отворен крај: Ана и Наташа се пред конечна заедичка средба и лично запознавање, врската на Наташа со Огнен се стабилизира благодарение на добронамерните совети кои ѝ ги дава Ана да биде искрена со него, успехот на Мартин на музичкиот натпревар, излекување на таткото на Наташа од алкохолизмот...

Многу работи остануваат неразјаснети и загатнати, како кој е таинствениот човек кој се распрашува за семејството на Наташа, иако читателот можеби ќе претпостави дека тоа е нејзиниот биолошки татко; дали Мартин и Ана ќе останат заедно или тој ќе замине далеку да се школува за свирење на виолината; што се случува со Огнен и неговото немотивирано исчезнување, како и која е причината за неговата опсесија со лековитите билки, каде исчезнува професорот Гаргамел, итн.

Многу можни излези од лавиринтот на адолесценцијата ни нуди Ацевска: за Ана тоа може да биде љубовта кон пишаниот збор, за Мартин – љубовта кон неговата виолина, за Наташа - восхитеноста од ликовната уметност... Сите тие работат на себе, грчевите се трудат да успеат, да излезат од лавиринтите кои им ги наметнува општеството, луѓето, семејството, а понекогаш и самите тие, и да се издигнат во животот. Но, она што е најважно, и што, впрочем е пораката на овој роман – во животот секогаш треба да се биде упорен и неуморен, како Наташа и Ана, човек никогаш не треба да се откажува од своите цели, колку и да е сложен лавиринтот низ кој чекори.

Нашиот животен пат може да се гледа како лавиринт кој нè води кон подлабоко значење и исполнување. Одењето низ лавиринтот нè води низ бројни пресврти кои го симболизираат одливот и текот на животот. Како дизајнот на лавиринт, она што изгледа како крајна точка во животот може да биде и почетна точка. Лавиринтите често служат како метафори за лични патувања во себе и назад во светот. Во лавиринтот има една патека до центарот и истата патека те води надвор. Ние го правиме изборот да влеземе на патеката и да започнеме патување.

Лавиринтот е аналогија за животот. Тоа не е лавиринт или загатка што треба да се реши, туку патека на значење што треба да се доживее. Нејзината патека е кружна и згрчена, но нема ќорсокак. Лавиринтот има еден влез - еден влез и еден излез. Кога одиме

---

[13] Loren E. McMaster, Jennifer Conolly, Debra Pepler, and Wendy M. Craig, Peer to peer sexual harassment in early adolescence: A developmental perspective, Development and Psychopathology, 14 (2002), 91–105, Cambridge University Press, https://www.researchgate.net/profile/Wendy-Craig-4/publication/11470507, 18.02.2023

по патеката, одиме околу кратки кривини и долги кривини; понекогаш сме надвор на работ, понекогаш кружиме околу центарот. Никогаш не сме навистина изгубени, но никогаш не можеме да видиме каде одиме.

По патот, понекогаш се движиме напред со леснотија и самодоверба; понекогаш претпазливо лазиме напред; понекогаш наоѓаме потреба да застанеме и да размислуваме; а понекогаш дури и чувствуваме потреба да се повлечеме. Центарот е таму, но нашиот пат нѐ води низ безброј пресврти. Понекогаш сме во срцето на нашите животни искуства; понекогаш сме на разигран пресврт; понекогаш го делиме нашиот пат со другите; а во други времиња не го правиме тоа. Без разлика на сѐ, сепак сме на лавиринтскиот пат. Тој ги содржи сите наши искуства, во животот и во работата. Навистина, на многу начини, лавиринтот е како живот. На крајот, само треба да се верува во себе...

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Altman, Janet Gurkin. (1982). Epistolarity, Appproaches to a Form, Ohio State University Press:Columbus.
2. Ацевска, Весна. (1992). Детска радост, Скопје.
3. Daters, Catherine M. (1990). Importance of Clothing and Self-Esteem Among Adolescents, Clothing and Textiles Research Journal 8.3 https://www.journals.sagepub.com , 18.02.2023
4. Earls, Felton J. (1991). Parents and Families' influence on Adolescent Health, Adolescent, Health: Background and the Effectiveness of Selected Prevention and Treatment Services, 2, https://www.princeton.edu/~ota/disk1/1991/9103/910305.PDF, 19.02.2023
5. Margolin, Gayla and Vickerman, Katrina A. (2007). Post-traumatic Stress in Children and Adolescents Exposed to Family Violence: I. Overview and Issues, Prof Psychol Res Pr. 2007 Dec 1; 38(6): 613–619. https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC2811337, 16.02.2023
6. McMaster, Loren E., Conolly, Jennifer, Pepler, Debra and Craig, Wendy M. (2002). Peer to peer sexual harassment in early adolescence: A developmental perspective, Development and Psychopathology, 14, 91–105, Cambridge University Press, https://www.researchgate.net/profile/Wendy-Craig-4/publication/11470507, 18.02.2023
7. Milgram, S., and R. Sharma, Family environment and value of obedience, www.researchgate.net, 16.02.2023
8. Pismo kao književna vrsta, http://www.scribd.com/doc/40240424/Pismo-kao-knji%C5%BEevna-vrsta, прегледано на 01.3.2014
9. *Rose, Gregory M., Boush, David M. and Friestad, Marian. (1998) ,"Self-Esteem, Susceptibility to Interpersonal Influence, and Fashion Attribute Preference in Early Adolescents", in E - European Advances in Consumer Research Volume 3, eds. Basil G. Englis and Anna Olofsson, Provo, UT : Association for Consumer Research, Pages: 197-203.* https://www.acrwebsite.org/volumes/11697/volumes/e03/e-03, *18.02.2023*
10. Vega-Gea, Esther, Ortega-Ruiz, Rosario, Sánchez, Virginia. (2016). Peer sexual harassment in adolescence: Dimensions of the sexual harassment survey in boys and girls, International Journal of Clinical and Health Psychology, 16, 47-57, https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S1697260015000800, 18.02.2023
11. Wasserman, Emily. (2003). The epistolary in young adult literature, The ALAN REVIEW, The Assembly on Literature for Adolescents of NCTE (ALAN), 30.3, http://scholar.lib.vt.edu/ejournals/ALAN/v30n3/pdf/wasserman.pdf , прегледано на 2.3.2014
12. Williams, Paula G.,. Holmbeck, Grayson N., and Greenley, Rachel Neff. (2002). Adolescent Health Psychology, Journal of Consulting and Clinical Psychology, Vol. 70, No. 3, https://www.researchgate.net/profile/Rachel-Greenley/publication/11285988, 16.02.2023

Емина З. Сарачевић
ДРАМСКИ МЕТОД У ЧИТАНКАМА ЗА ОСНОВНЕ ШКОЛЕ........................ 288

Миланка Р. Станкић
РЕЦЕПЦИЈА КЊИЖЕВНОСТИ ЗА ДЕЦУ
У ФУНКЦИЈИ РАЗВИЈАЊА КУЛТУРЕ ГОВОРА............................................ 299

3.
Милутин Б. Ђуричковић
ПОЕТИЧКА (РЕ)КОНСТРУКЦИЈА.......................................................... 311

Видана Р. Печенковић
МОЗАИК БАЈКОВИТИХ НАРАТИВА .....................................................317

Наташа П. Клајић
ПОЕЗИЈА ЗА ДЕЦУ И МЛАДЕ............................................................. ..321

Љиљана Д. Клајић
ДРАМСКИ ТЕКСТОВИ ЗА ДЕЦУ ......................................................... 324

Гордана Ђ. Јеж Лазић
ДРАМСКА БАЈКА У СТИХУ ................................................................ ..........327

Мићо М. Цвијетић
ПЕСНИЧКИ СПОМЕНАК .......................................................................330

Милан А. Мађарев
ФЕСТиМИР - ПРВИ ФЕСТИВАЛ ДРАМСКИХ СЕКЦИЈА
И СРЕДЊИХ ШКОЛА ИЗ МАТИЦЕ И РЕГИОНА......................................... ..332

4.
Горан И. Марковић
МЕЂУНАРОДНИ ДАН ДЕЧЈЕ КЊИГЕ.................................................... ..339

Гордана Д. Малетић
НАГРАДА „АЛЕКСАНДАР ВУЧО" ЗА 2021/2022. ГОДИНУ................... ....... 342

УПУТСТВО ЗА АУТОРЕ........................................................................ 344